**ЗДРУЖЕНИЕ НА**
**КОНТРОЛОРИ НА ЛЕТАЊЕ**
**НА МАКЕДОНИЈА**
ул. Босфор бр. 7 - Илинден, Скопје, Р. Северна Македонија
Тел.: +389 2 3148 256, Е-пошта: zklm.org@gmail.com

IFATCA MEMBER

Скопје, 19.09.2023

**До: Членови на УО при М-НАВ а.д. Скопје**

**Предмет: Надминување на дефицитарниот статус на техничка вода во објектот на М-НАВ а.д. Скопје со адреса ул. Бософор бр. 7,Мралино, Илинден**

Здружение на КОНТРОЛОРИ НА ЛЕТАЊЕ на Македонија
Бр. 09/01
19.09. 2023 год.
ИЛИНДЕН

Почитувани,

Ви се обраќам во име на Здружението на контролори на летање на Македонија, да Ви укажам на проблем кој се провлекува години наназад, но кој оваа година навистина ескалира, а сигурни сме дека низ наредните години, доколку не се реши, ќе станува само поголем и со сè поголеми последици, кои навистина можат да бидат сериозни.

**Станува збор за проблемот со снабдувањето со вода во објектот на М- НАВ а.д. Скопје со адреса ул. Босфор бр. 7, Мралино, Илинден.**

Имено, секоја година, повеќе или помалку, за време на летните месеци има недостиг на вода во објектот, проблем кој влијае на нормално извршување на работните задачи на сите КЛ и ПКЛ. Со недостигот на вода во санитарните чворови и кујните во зградата, се ускратени основните услови за работа, т.е правото на лична хигиена и извршувањена хигиенски навики на вработените.

**Проблемот со водоснабдувањето може да се третира како елементарно неисполнување на основните услови за работа.**

Оваа година овој проблем е особено изразен и трае и по неколку денови непрекинато, по 24 часа, а најкритично е во попладневните часови и на позициите кои се на повисок спрат во овој објект. Како последица на немање техничка вода може да се јават здравствени проблеми кај вработените, кои и те како можат да се одразат на интензитетот и квалитетот на пружање на услуги во контролата на летање (појава на болести, заразни болести, зголемен број на боледувања).

Како потрајно решение на овој проблем, ЗКЛМ предлага сериозно разгледување и, во најкратко можно време, обезбедување на услови за сопствено напојување со техничка вода во објектот, прекуископување на сопствени бунари (бушотини) преку кои би се

ЗДРУЖЕНИЕ НА
КОНТРОЛОРИ НА ЛЕТАЊЕ
НА МАКЕДОНИЈА
ул. Босфор бр. 7 - Илинден, Скопје, Р. Северна Македонија
Тел.: +389 2 3148 256, Е-пошта: zklm.org@gmail.com

IFATCA MEMBER

снабдувала цела зграда со вода во текот на целата година (зафат кој не чини многу, а сигурни сме, со оглед на типот на почвата на кој се наоѓа зградата, мочурливо земјиште, е прилично лесно изводлив).

**Апелираме во најбрз можен рок да се изнајде решение овој проблем.**

Во меѓувреме бараме задолжително поставување на цистерни со техничка вода, присутни 24 часа, се до нормализирање на водоснабдувањето во зградата, со персонал за опслужување на истите, како и воведување на 24 часовно присуство (преку дежурства и во ноќни смени) на хигиенски персонал, кој ќе има обврска во периодите кога нема вода во санитарните чворови, да ги чисти задолжително со почест интензитет.

Се надеваме дека ќе најдете разбирање за ова наше барање, со оглед на тоа што овој проблем ги засега сите вработени, а особено вработените во службите кои својата работа ја извршуваат 24/7, и сигурни сме дека уште веднаш ќе пристапите кон реализација на предлозите кои Ви ги дадовме.

Со почит,

Наташа Мијат Крстевска
Претседател на ЗКЛМ

Здружение на контролори на летање на Македонија
ЗКЛМ
Илинден